Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 19/2026
27.01.2026 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

за избор во насловно звање научен соработник/доцент во
Институтот за општествени и хуманистички науки

Со Одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на својата редовна седница одржана на 26.01.2026, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор во насловно звање научен соработник/доцент, од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Бранка Денкова Поповска
2. Прегледа и оцена на каучно-истражувачката дејност
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во насловно звање научен соработник (еквивалент – доцент) по група предмети од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Комисијата во состав: проф.д-р Марјан Бојаџиев, д-р Вера Димитриевска и проф.д-р Викторија Боровска по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *Биографски податоци*

Д-р Бранка Денкова Поповска (1987) се стекнува со степен на образование доктор на науки во 2022 година, на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, каде што го пријавува својот докторски труд под наслов „Фактори кои што влијаат врз однесувањето на потрошувачите при електронско купување во Република Северна Македонија".

Кандидатката го започнала своето високо образование на Колеџот Westminster College на насока меѓународен бизнис, како резултат на Shelby Davis стипендија за талентирани студенти на Американски колеџи и Универзитети, со просечен успех 9,04.
Го продолжува своето образование на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје каде се стекнала со звање магистер по маркетинг во 2015 година со просечен успех 8,84. Насловот на магистерскиот труд гласи „Фактори кои што влијаат врз однесувањето на потрошувачите при избор на животно осигурување".

Професионалната кариера на кандидатката започнува во областа на логистиката и маркетингот во 2013 година, каде стекнува цврсти практични знаења за организациски процеси, пазарна комуникација и поддршка на деловни активности. Во продолжение во 2017 година, таа ја развива својата кариера во меѓународна професионална средина како дел од тимот на Euroevents како продуцент на деловни и стручни конференции низ Европа, при што е директно вклучена во: планирање, организација и реализација на меѓународни



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

на...ани, координација на комплексни проектни активности и соработка со експерти и практичари од различни земји.

Во текот на следните пет години Денкова Поповска активно работи како специјалист во областа на маркетингот и менаџментот, со посебна експертиза во дигиталниот маркетинг, стратешката комуникација и управувањето со проекти. Нејзиниот професионален ангажман опфаќа развој и имплементација на интегрирани дигитални маркетинг стратегии, анализа и интерпретација на пазарни и кориснички податоци, брендинг и оптимизација на комуникациски канали, како и координација на интердисциплинарни тимови во корпоративни и проектни средини во компании како American Chamber of Commerce, Clearview и Cyberlink. Овие искуства придонесуваат кон продлабочување на нејзиното разбирање на современите маркетинг практики и нивната примена во различни деловни контексти.

Во периодот додека била на постдипломски и докторски студии, д-р Бранка Денкова Поповска била вклучена во научно-истражувачка работа на неколку меѓународни проекти, со што стекнала искуство во соработка со врвни европски универзитети и истражувачки институти. Ова и овозможило стекнатите знаења, вклучително и истражувачката работа на магистерскиот труд и докторската дисертација, да ги презентира на меѓународни конференции и симпозиуми.

Кандидатката во јануари 2023 година е избрана во наставно звање предавач, а во јуни 2023 година е избрана во наставно звање виш предавач на Факултетот за бизнис економија. Во рамки на својата академска и истражувачка ангажираност, таа активно учествувала во повеќе меѓународни научно-истражувачки и апликативни проекти.

Кандидатката била дел од проектот „Project for Marketing Strategy Development for EUMMAS Global Promotion“, каде што била одговорна за спроведување маркетинг истражувања, прибирање и анализа на податоци, имплементација на проектни активности, како и евалуација и анализа на проектните резултати во Босна и Херцеговина.

Дополнително, таа учествува во меѓународниот научно-истражувачки проект „Sustainable Behavior of Female Consumers in the Area of Clothing“, реализиран во соработка помеѓу Универзитетот „Матеј Бел“ во Банска Бистрица, Словачка (претставуван од проф. Таборецка) и Универзитетот „Мендел“ во Брно, Чешка Република (претставуван од проф. Турчинкова). Проектот во моментов се наоѓа во фаза на обработка и анализа на собраните податоци.

Преку академските достигнувања, публикации и активно учество во истражувачки и развојни проекти, таа има значаен придонес во академската заедница и во областа на квалитетот во високо образованието, проект менаџемент, мониторинг и евалуација како начин на подобрување на квалитетот на работа на институции и компании.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Бранка Денкова Поповска ги има објавено следниве научни трудови:



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

Branka Denkova Popovska "Consumer attitude towards e-commerce", Springer ISCBE 2025 Proceedings Book indexed in Scopus

Branka Denkova, "The influence of Demographics on Consumer's Online Shopping Behavior", International Journal, 35(1), 239 - 243.

Branka Denkova, Ana Ordanovska, Jadranka Denkova,
Training and Development of the Administration Basis for Effective Public Administration , International scientific conference Social change in the global world, ISBN 978-608-244-314-0 I, (2016 ; Shtip)

Branka Denkova, Serbian Journal of Management and Acta Oeconomica Universitatis Selye, "The Influence of Perception and Motivation when Choosing a Life Insurance" IMKSM2016 May 28 – 30, 2016, Bor, Serbia, pp.30-38. ISBN 978-86- 6305-042-6

Jadranka Denkova and Branka Denkova, Serbian Journal of Management and Acta Oeconomica Universitatis Selye:"The Strategic Management of the Public Sector in the Republic of North Macedonia", IMKSM2016 May 28 – 30, 2016, Bor, Serbia, pp.350-355. ISBN 978-86-6305-042-6

Branka Denkova, Knowledge International Journal Institute of Knowledge Management: "The Impact of Learning and Knowledge on the Decision to Choose Life Insurance", ISSN:2545- 4439, vol.23.1, Budva, Montenegro, pp. 371

Branka Denkova, Student's Social Science Journal in the Republic of Macedonia at the Faculty of Law Goce Delcev in Stip: "The Influence of Demographic Factors when Choosing a Life Insurance", 2016.

Branka Denkova International Journal of Technology Transfer and Commercialization: How Innovation in Life Insurance is Reshaping the GlobalInsurance Market – the Case of the Republic of North Macedonia.

Branka Denkova Popovska, Panda Lazarevski, Jadranka Denkova,
The Importance of the New Public Management for Efficient Public Administration, International Academic Conference, Sixth Edition Bucharest, Romania, October 11-12, 2018 Challenging the Status Quo in Management and Economics

Branka Denkova (2017), Fifth International Scientific Conference: Socialchange in the global world, title: Storing of the knowledge in the public sector, necessity for a successful state (A case study in the Republic of Macedonia). ISBN: 978-608-244-423-9, September, 2017.



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Бранка Денкова Поповска, Комисијата констатира дека кандидатката покажува постојан стручен, научен и наставен развој и се оформува во квалитетен универзитетски наставник и научник. Нејзината научно-истражувачка работа е континуирана и ја потврдува неговата ориентација за продлабочен системски пристап кон поширократа област, која се однесува на групата предмети за кои конкурира, од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Имајќи ја предвид севкупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оцени дека д-р Бранка Денкова Поповска ги исполнува предвидените законски и други услови, поради што на Наставно-научниот совет му предлага д-р Бранка Денкова Поповска да биде избран во насловно звање научен соработник/доцент по група предмети од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

д-р Марјан Бојаџиев, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, претседател

д-р Вера Димитриевска, научен соработник
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член

д-р Викторија Боровска, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk